**SOU Gimnazija “Goce Del~ev”**

**-Kumanovo-**

**ul.”Pero ^i~o” br. 31A**

**tel/(031) 421-079 faks 437 086**

**e-mail: gdku10@yahoo.com**



Врз основа на Известување од страна на Министерство за образование и наука со арх.бр.13-5583/1 од 09.06.2020 година, Протоколот за постапување на средни училишта при упис на ученици во прва година во учебната 2020/2021 година, како и врз основа на препораките на Владата и комисијата за заразни болести, Директорот на СОУ Гимназија „Гоце Делчев”- Куманово на ден 10.06.2020 донесе Протокол за постапување при запишување на ученици во прва година за учебната 2020/2021 година.

**П Р О Т О К О Л**

1. Приемот на документи ќе се врши на **16.06.2020 и 17.06.2020** по азбучен ред во периодот од 07.00 до 19.00 часот.
2. Доставувањето на документи од страна на ученикот, односно родителот/старателот ќе се одвива по распоред согласно азбучниот ред од презимето, односно
    - Од **07:00-08:30 часот**- прием на документи за ученици чие презиме започнува на буквите **А, Б, В, Г**
    - Од **08:30-10:00 часот**- прием на документи за ученици чие презиме започнува на буквите **Д, Ѓ, Е, Ж**
    - Од **10:00-11:30 часот**- прием на документи за ученици чие презиме започнува на буквите **З, Ѕ, И, Ј**
    - Од **11:30-13:00 часот**- прием на документи за ученици чие презиме започнува на буквите **К, Л, Љ, М**
    - Од **13:00-14:30 часот**- прием на документи за ученици чие презиме започнува на буквите **Н, Њ, О, П**
    - Од **14:30-16:00 часот**- прием на документи за ученици чие презиме започнува на буквите **Р, С, Т, Ќ**
    - Од **16:00-17:30 часот**- прием на документи за ученици чие презиме започнува на буквите **У, Ф, Х, Ц**
    - Од **17:30-19:00 часот**- прием на документи за ученици чие презиме започнува на буквите **Ч, Џ, Ш**
3. Задолжително користење на заштитна опрема, маски и ракавици од страна на сите вработени и посетители на училиштето
4. Задолжително дезинфицирање на рацете со средство за дезинфекција
5. Задолжително одржување на физичко растојание од минимум 2 метра во и надвор од објектот
6. Почитување на ознаките со кои се означува правец на движење и следење на упатствата на редарите во училиштето
7. Доставување само на комплетни документи согласно условите на конкурсот, придружени со претходно потполнета пријава за

запишување, која се превзема од училишниот веб-сајт http://gdku.edu.mk

8. Влез само на ученикот, не и на неговиот родител, во посебен случај доколку ученикот е спречен од оправдани причини се овозможува влез само на еден родител/старател, кој носи заштитна маска, марама или шал
9. Задолжително редовно вршење на дезинфекција на клупите и просторот во училиштето
10. Редовно одржување на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употребата насредствата за дезинфекција
11. На крајот на секој работен ден задолжително механичко чистење и дезинфекција со средство кое делува на вируси според упатството на производителот

**Апел до сите ученици**

– Заради заштита на вашето и здравјето на останатите почитувајте ги сите превентивни мерки

– Бидете трпеливи, чекајте во ред пред училиштето и одржувајте најмалку 2 метра растојание од лицата кои се пред вас, околу вас и во училиштето

– Почитувајте ги препораките на редарите и влегувајте во училиштето еден по еден, т.е. откако редарот ќе ви дозволи, односно откако од училиштето ќе излезе ученикот пред вас

– Не се задржувајте повеќе од 5 минути во училиштето

– Задолжително носете заштитна опрема (маска, марама, шал) во спротивно нема да ви биде дозволен влез во училиштето

Дата:
10.06.2020 год.

Директор
Марија Тодоровска